РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-БИТОЛА
бр. 04-390/6
18-12 2025 год.


**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - БИТОЛА**
**NI INSTITUTE FOR PRESERVATION OF CULTURAL MONUMENTS AND MUSEUM - BITOLA**

Климент Охридски 18, 7000 Битола, Република Северна Македонија / Kliment Ohridski 18, 7000 Bitola, Republic of North Macedonia
www.muzejbitola.mk info@muzejbitola.mk ++ 389 47 233 187


Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот јавен оглас за вработување во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола број 833/2025 и Предлогот за вработување на кандидат по јавниот оглас, број 10-1927/12 од 16.12.2025 година, Директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола , донесе:

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. За извршител на работно место со шифра КУЛ0102Г01001 Самостоен референт за административни работи, во Одделение за правни и административно-општи работи, Сектор за правни, финансиски, административни и општи работи **СЕ ИЗБИРА** кандидатот со идентификациски код BBC56D2, Јасминка Димовска.

2. Именуваната ќе биде вработена на наведеното работно место од претходната точка, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.

3. Одлуката за избор се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на Барањето на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола, со арх бр.04-390/2 од 16.07.2025 година, Агенцијата за администрација на својата веб страна објави Јавен оглас број 833/2025 на ден 24.07.2025 година, како и дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ за вработување на Самостоен референт за административни работи, еден (1) извршител, во Одделение за правни и административно-општи работи, Сектор за правни, финансиски, административни и општи работи.

По спроведувањето на сите фази од селекција, за вработувње Агенцијата за администрација до НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола достави Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за

вработување на кандидатот со најголем број освоени бодови за работното место бр.1 по Јавен оглас бр. 833/2025година.

Врз основа на Предлогот за вработување на кандидатот бр.10-1927/12 од 16.12.2025, Директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука :** Против одлуката , незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација, во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенција за администрација.

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Архива

**НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Битола**

**Директор**
**Маргарета Спасов**